45198



НОВА МАКЕДОНИЈА

*СИНОЌА ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ОТВОРЕНА 46. ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ*

# Враќање на доблеста на старите мајстори

**● Годишните или ревијални изложби што се одржуваат без критериумот на селективноста и се убава можност секој уметник да стане арбитар сам за себе, се значајна состојка од летописот на нашата ликовна уметност – рече Паскал Гилевски. – Доделени наградите и плакетите на доајените и почесните членови на ДЛУМ во рамките на богатата синоќешна свеченост**

Со богата програма во траење од час и половина и во присуство на многубројна публика, синоќа во Уметничката галерија „Скопје“ (Даут пашин амам) беше отворена 46. Годишна изложба на ДЛУМ на која учество зедоа 168 ликовни уметници застапени со по едно дело. Богатата и вредна поставка, која за публиката ќе биде отворена сè до 11 март, содржи во најголем број слики-масла, потоа значително помал број графики и еден мозаик.

Наградите на оваа најстара и најпопуларна ликовна манифестација: „Нерешки мајстори“ за сликарство и за скулптура, „Лазар Личеноски“ за сликарство и „Димче Николов“ за графика, што ги добија **Петар Ѓорѓиев – Пљум, Жарко Башески, Зафир Хаџи Митрев** и **Лидија Вуисиќ**, на синоќешната свеченост ги додели **Светлана Коруновска Аџигогова**, член на Уметничкиот совет што работи во својство на жири на Годишната изложба на ДЛУМ. Паричниот дел на сите четири награди изнесува по илјада германски марки. Почесните плакети на ДЛУМ чии добитници се: проф. **д-р Борис Петковски**, проф. д-р **Владимир Величковски, Нико Този** и **Паскал Гилевски** им ги врачи **Александар Јанкуловски – Цане**, потпретседател на ДЛУМ, а доајените на ДЛУМ: **Илија Аџиевски, Иван Велков, Ванчо Ѓорѓиев, Миле Корубин, Трајче Јанчевски, Боро Митриќески** и **Петар Хаџи Бошков** ги промовираше **Александар Ристески**, претседател на Уметничкиот совет на ДЛУМ.



Жарко Башески („Нерешки мајстори“ – скулптура): Вертикала, 1999, мермер



Зафир Хаџи Митрев („Лазар Личеноски“): Лето 85, масло



Лидија Вуисиќ („Димче Николов“): Движење, 1990, линорез



Петар Ѓорѓиев – Пљум („Нерешки мајстори“ – сликарство): Очекување, 1988, масло

– Несомнено дека годишните или ревијални изложби на македонските ликовни уметници отсекогаш претставуваа голем културен настан во нашата средина – рече синоќа на отворањето **Паскал Гилевски.** – Затоа тие изложби се значајна состојка од летописот на нашата ликовна уметност. Еден аргумент е непобитен: дека нема македонски уметник кој не учествувал на тие ревијални изложби, почнувајќи од првата во далечната 1945 година сè до 1992 година, кога таа беше укината за да се воспостави селективната изложба Зимски салон, додаде тој. – Сегашната управа на ДЛУМ, сепак донесе одлука да ја обнови оваа годишна изложба за да го обележи големото значење на ревијалните изложби од минатото и да ја задоволи желбата на сите членови еднаш годишно да можат да ги изложат своите дела на заеднички настап, без критериумот на селективноста. Впрочем, на тој начин се враќа една убава пракса кога секој уметник член на ДЛУМ станува арбитер сам за себеси и истовремено ја презема целата одговорност и ризик на излагањето. Тоа секако ја зголемува самокритичноста, таа врвна доблест на старите мајстори, рече Гилевски.

**Драган Бошнакоски,** директор на Уметничката галерија, домаќин на сите досегашни изложби на ДЛУМ, во синоќешното обраќање ја потсети публиката на тесната поврзаност и долгогодишната плодна соработка меѓу Галеријата и ликовната асоцијација. – Практично, творците што го формираа ДЛУМ и што ја создадоа ревијалната изложба во далечната 1945 година се истите сликари коишто ја создадоа и Уметничката галерија, тогаш наречена Национална. Станува збор за најзначајните творци од современото ликовно творештво на Македонија: Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Борко Лазески и многу други кои ја втемелија модерната уметност на ова поднебје, така што низ оваа манифестација – Годишна изложба на ДЛУМ во овој половна век, поминаа најзначајните ликовни имиња што ја градеа нашата ликовна уметност до денешни дни, рече меѓу другото Бошнакоски.

– Од причини на респектирање на ликовната традиција кај нас, сегашната управа на Друштвото по седумгодишната „смрт“ реши да ја оживее првата не само ликовна манифестација, туку и првата културна манифестација одржана воопшто на нашите простори. Одзивот на уметниците, чии дела ги гледате вечерва, сам зборува колку сме биле во право – рече синоќа претседателот на ДЛУМ Коле Манев, додавајќи дека е среќен истовремено и официјално да ја промовира соработката на ДЛУМ со сите други творечки друштва од Македонија кои својот заеднички напор за одбрана на достоинството на вистинските творци од сите области на творештвото го искажаа со неодамнешното формирање на Советот на асоцијациите од областа на културата.

Како еден пример на таа тесна соработка меѓу ликовните, литературните, драмските и музичките творци синоќа беше изведена и уметничка програма во која настапи флејтистот Никола Атанасов, лауреатот на наградата „Ацо Шопов“, поетот Михаил Ренџов и артистот Славко Нинов кој прочита песна од Блаже Конески.

С. Ѓуровска